УДК: 373.3(497.22)"1918/1941"

Силвана СИДОРОВСКА-ЧУПОВСКА
ЈНУ Институт за национална историја – Скопје

# Основното образование во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941)

**Abstract:** *The article aims to present the primary education in the Vardar region of Macedonia between the two world wars. The Macedonian people within these borders were treated as part of the Serbian people without any political, national, linguistic, and cultural-educational rights. The Vardar region of Macedonia was an example of a typical agrarian society. The rate of literacy was extremely low and the most of population was illiterate. Serbian language and national subjects were mostly taught in primary schools.*

**Key words:** *Vardar part of Macedonia, education, primary schools, regime, literacy*

Почнувајќи уште од почетокот на 19 век просветата како важен фактор за однародување на македонскиот народ многу успешно била користена од пропагандите на соседните земји: грчката, бугарската и српската. Овој процес на уште поголем интензитет добил со поделбата на Македонија по Балканските војни и со потврдувањето на оваа поделба на Париската мировна конференција (1919). Ова е период кога земјите освојувачки на македонската територија посебно внимание и посветиле на просветата користејќи ја за силно оружје во спроведувањето на своите денационализаторски политики.

Со прогласувањето на Кралството СХС, Македонија како дел од Кралството Србија била приклучена кон новата држава. За новата власт Македонија била српска територија, односно дел од Јужна Србија, а по 1929 година дел од Вардарска бановина. Македонскиот народ во овие граници се третирал како дел од српскиот народ, без никакви политички, национални, јазични и културно-просветни права. Големосрпската политика образованието во вардарскиот дел на Македонија го претворила во еден од важните фактори на својата политика за србизација на ма-

кедонскиот народ. Потпирајќи се на претходно создадените просветни традиции од српската пропаганда во минатото, српската политика во Македонија се зафатила со амбициите што е можно побрзо и поефикасно да ја спроведе својата политика на денационализација. На територијата на Србија, а со тоа и во вардарскиот дел на Македонија, се работело по Законот за народни училишта од 1904 година, со измени и дополнувања од 23 јули 1919 година, сè до 5 декември 1928 година кога на сила стапил Законот за народни училишта. Најголемиот дел од територијата на Македонија бил организиран како единствена Вардарска просветна област, составена од пет училишни области (Скопска, Кумановска, Брегалничка, Тиквешка и Тетовска), кои се делеле на училишни околии.[1] Училишните околии не биле постојани. Тие биле редовно расцепкувани, а нивниот број поради тоа зголемуван, а со тоа растел административниот и бирократски апарат. На овој начин владејачката гарнитура создавала можност за поголема контрола над работата на училиштата во вардарскиот дел на Македонија.[2] За реализирање на оваа цел на образовен план, во првите години од своето владеење српските власти ги поставиле следниве задачи: 1. Да се создадат потребните материјални услови – згради и опрема за да се прифатат во нив што е можно поголем број деца, особено оние кои пред војните учеле во разни пропагандни училишта; 2. Во сите поголеми (со над 10 и повеќе илјади жители) и помалите погранични градови спрема Бугарија и Албанија, да се отворат средни училишта – реални гимназии кои би требало да ги прифатат сите деца од дотогашните разновидни средни училишта како и оние кои стекнале услови да стапат во нив; 3. Да се задржи учителската школа во Скопје; 4. Да се создаде кадар што ќе може да ги покрие поголем дел од просветните институции што пред војната им припаѓале на други пропаганди; 5. Отворање курсеви за просветните работници кои предавале во егзархиските училишта; 6. Отворање на т.н. народни школи за масовно описменување на возрасните и друго.[3] Најголем предизвик за Кралството СХС било отворањето на основни училишта во јужните краеви, бидејќи само една петина од населението било „функционално писмено“.[4] Основните училишта на територијата на вардарскиот дел од Македонија биле со четиригодишен курс и училишната обврска еднакво се однесувала за сите деца, без оглед на нивната национална припадност, социјално потекло и вероисповед.[5]

---

[1] Vladan Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929: Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS*, (Beograd: 2002), 134.

[2] Марија Јовановиќ, *Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонја* (*1918-1929*), (Скопје: 1983), 195.

[3] Иван Катарџиев, *Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни* (*1919-1930*), (Скопје: Мисла, 1983), 85-86.

[4] Владан Јовановић, *Вардарска Бановина*, (Београд: 2011), 29.

[5] Ситуацијата на теренот покажувала дека власта не води доволно грижи за унапредување на основното образование. Тоа го потврдува фактот, што на целата територија на Кралството СХС во

По завршувањето на Првата светска војна многу мал број на училишта биле оспособени да започнат со работа. Постоеле цели околии во кои имало само некоку учители и тоа најмногу во градовите. За тоа говори и примерот за Радовишката околија во која до крајот на 1920 година немало ниту еден учител по селата.[6] Во 1921 година стапката на неписменост сѐ уште била висока и изнесувала 77,4%.[7]До нормализирање на наставата во основните училишта како во градовите, така и во селските населби дошло во учебната 1922/1923 година, а посебно следната учебна година, кога била завршена реставрацијата на поголемиот број од училиштата.[8] Во спомената учебна година во вардарскиот дела на Македонија работеле 130 училишта (со 143 одделенија) и наставата во 49 полудневи училишта (со 94 одделенија), која била воведена поради недостатокот од просветен кадар.[9]

Поради недостатокот од адекватни згради 8 училишта со 57 одделенија воопшто не успееале да започнат со работа. Во целина, во Вардарската просветна област во спомenатата учебна година биле опфатени вкупно 32.955 ученици, т.е. 6.034 повеќе од претходната година,па според тогашниот критериум се сметало дека со наставата е опфатено околу 50% од македонското население.[10] Бидејќи „националното воспитување и народните идеи требало да претставуваат основни продукти на народните училишта на југот", не зачудува ситуацијата од 1924 година кога тогашниот началник на Одделението на јавна безбедност Живојин Лазиќ[11] на министерот на Дворот му сугерирал на кој начин да се реализираат кредитите од страна на Министерството за просвета. Во писмото од 27 ноември предлагал „градење на училишни згради во пограничните краеви (Кочански, Струмички, Царевоселски), како и една голема сала во Радовиш која ќе служела

учебната 1921-1922 година имало 6.660 основни училишта, во учебната 1924-1925 година 7 203, а во учебната 1928-1929 година 7 712 основни училишта. Повеќе види: Ристо Кантарџиев, *Историја на образованието и просветата во Македонија*, (Скопје: 2002), 407-408.

[6] Јовановиќ, *Просветно-политичките прилики во Вардарска Македоnја (1918-1929)*,100.

[7] Борче Илиевски, *Демографските карактеристики во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)* (Скопје: 2017), 62.

[8] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, 134.

[9] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, 134-135.

[10] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, 135; Катарџиев, *Време на зреење,* 87.

[11] Живојин Лазиќ (1876-1958). Првиот бан на Вардарска бановина. На оваа функција бил поставен со указ од 9.10. 1929 година. Извршувал повеќе полициски функции во предвоената полиција на Кралството Србија како писар, инструктор и окружен началник. Бил познат по својата окрутна кадравска политика со населување колонисти и диктирање на неповлни цени за откуп на тутун, опиум и жито во Македонија. Ж. Лазиќ билобвинуван и за ограбување на Македонија присвојувајќи годишно околу 300 милиони динари од такси и околу 2 милијарди динари од продажбата на македонскиот тутун. Во периодот на неговото управување како бан во Македонија (1929-1932) затворил 22 гимназии и 614 основни училишта.

за училишни вежби, концерти и предавања, сè со цел спроведување на националната и културната пропаганда“.[12]

Мерките кои продолжиле да се спроведуваат во наредните години биле бавни и не ги давале очекуваните резултати. Бројот на отворените основни училишта не бил соодветен со бројот во кој требало да бидат опфатени учениците. Драстично зголемување на бројот на основни училишта бил евидентиран во училишната 1926/1927 година кога имало вкупно 986 училишта со вкупно 2.240 наставнички кадар.[13] Евидентно било зголемувањето и на бројот на забавиштата, основните и продолжителните училишта, како и наставничкиот кадар во Битолската, Брегалничката и Скопската област.[14]

| | Битолска област | Брегалничка област | Скопска област |
|---|---|---|---|
| Забавишта | 13 | 2 | 5 |
| Основни училишта | 336 | 78 | 268 |
| Продолжителни Училишта | 4 | 4 | 1 |
| Наставници | 670 | 195 | 675 |

Според тврдењата од страна на официјалните органи, во периодот 1919-1928 година во Македонија биле изградени 487 училишни згради, од кои 105 во местата со мнозинско албанско население (21,7%).[15] Во учебната 1928-1929 година бројот на учителите изнесувал 1 529, од кои 1 027 учители и 502 учителки. Најголемиот број од учителскиот кадар биле Срби, а меѓу нив и Македонци на кои од објективни причини им било забрането да ја декларираат својата национална припадност.[16] Просветниот кадар од македонско потекло, односно македонските интелектуалци биле преселувани во Србија и Црна Гора.

Финансирањето на државните основни училишта во градовите било од општините преку општинските судови. Според податоците од Министерството за градежништво за периодот 1919-1931 година за градските општини за градење на нови училишни згради биле издвоени следниве средства: за градење на две училишни згради во Скопје биле потрошени 5,5 милиони динари; за осум училиш-

[12] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*,135.

[13] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*,135.

[14] Pavle Fere, *Naše osnovno školstvo, Jubilarni zbornik života i rada SHS 1918-1928*, I deo, (Beograd: 1928), 391.

[15] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*,136.

[16] Јовановиќ, *Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонја (1918-1929)*, 206.

ни згради во Куманово 2,7 милиони; три училишни згради во Битола чинеле 1,2 милони, за едно училиште во Велес биле потрошени 820.000 динари; за едно училиште во Гевгелија 321.000; за три училишта во Дебар 173.000; за Гостивар не биле издвоени средства.[17]

Во селските населби иницијативата за отворање основни училишта било во рацете на политичките претставници во општините и училишните надзорници. Последниве имале обврска да ги „убедуваат“ селаните за оправданоста од отворање училишта. Доколку во тоа се успеало, се испраќало официјално барање од општината, т.е. селските собранија испраќале барање до околискиот училишен одбор, кој на основа на истото донесувал и конечната одлука. Определувањето на привремена училишна зграда го правело Министерството за просвета со посредство на посебна комисија, чии патни трошоци ги исплаќале подносителите на молбата, односно заинтересираните граѓани. Средствата кои биле собрани за градење на нови училишни згради се предавале на “чување“ во Хипотекарната банка во Белград. Во случај ако зградата се градела од сиромашни граѓани, на даночните и просветните органи им било сугерирано „потребната сума да се исплаќа на повеќе години“, со што жителите ќе биле ослободени од преоптоварување. Изборот на местото каде требало да се гради училишната зграда го вршела мешана комисија која била обврзана да ги ислуша предлозите на сите граѓани од општината. Доколку одбраното место за градење се наоѓало во приватна сопственост, се пристапувало според законот за експропријација.[18]

Постојаните критики од опозицијата дека не се вложувало од државата за споменатата цел, најпосле се започнало со „бавна реализација“ кон крајот на 20-те години кога од Министерството за просвета за градење училишта на Косово и Македонија се издвоило 43% од буџетот на југословенско ниво.[19] Се чинело дека културната политика била со искрени побуди да им се помогне на најзаостанатите делови од државата. Меѓутоа, иако бројот на основните училишта номинално се зголемувал, разликата помеѓу пропишаните и исплатените средства (пр. скопските училишта добиле само 16% од предвидени средства), јасно покажувало дека системот лошо функционирал. Средствата кои требало да се исплатуваат преку општинските судови се покажал неефикасен, посебно кога целата тежина паднала на терет на сиромашните селски општини. Зградите на основните училишта најмногу наликувале на „затвори и пребивалишта за стока“. Учителите во Горнополошката околија ги опишувале како „гробници во кои младиот и нежен живот на децата венее и скапува“. Училиштето во селото Железна Река

[17] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*,136.

[18] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*,136.

[19] Ljubodrag Dimić, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, knj. I, ( Beograd: 1996), 98.

било сместено во црковна штала. Во селото Сретково училишниот подрум бил полн со вода, на таблата сеуште стоел натписот „Српско православно училиште во Сретково во Османлиската империја". Училишната зграда во селото Врапчиште се состоела од два спрата, но од таванот паѓало кал кој потоа децата го носеле во просториите, кујната и канцеларијата. Слична била ситуацијата во селата Добри Дол, Маврово и Цер.[20] Исклучок била училишната зграда во селото Вруток која се наоѓала на патот за Дебар и низ која поминувале и странци, па требало да оддава впечаток дека државата "правела напори за просветување на народот".[21]Во спроведувањето на просветната асимилаторска и денациолизаторска политика застој правело и нерешеното имотно прашање со црквата. Во зимата 1927 година од основното училиште во селото Глуво (Скопска околија), кое се наоѓало на црковен имот, црковни лица со помош на полицијата од училиштето ги истерале учениците и учителите.[22]

Според водените статистики за посетеноста на училиштета во периодот меѓу двете светски војни поголемиот број биле посетувани од 4-5 ученици. Покрај законот за обавезно посетување на основните училишта 40% од учениците во Македонија не успевале да се запишат во училиштата "бидејќи домашните ќе изгубеле работна сила". На крајот од училишната 1927/28 година во основните училишта во Македонија наставата ја посетувале 7.565 албански ученици (1,7 од севкупната албанска популација), од кои 232 девојчиња. Само во Дебар подготвителните одделенија ги посетувале само 2% од децата со школска возраст.[23] Властите причината ја барале во козервативниот менталитет кај родителите кои биле оптеретени со „феудалните стравови" и општата аверзија спрема училиштата. Во најголем дел од општините населени со албанско население, постоела многу слаба заинтересираност за градење училишта.

Во периодот 1919-1929 година се продолжило со градењето на основни училишта. За тоа како изгледал интензитетот на градење следи табеларниот преглед подолу:

| Година | 1919 | 1920 | 1921 | 1922 | 1923 | 1924 | 1925 | 1926 | 1927 | 1928 | 1929 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на училишта | 19 | 6 | 16 | 27 | 27 | 27 | 32 | 36 | 33 | 30 | 2 |

Во вардарскиот дел на Македонија во учебната 1918-1919 година имало вкупно 455, а во учебната 1928-1929 година 710 основни училишта. Во период од

[20] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, 317.

[21] Jovanović, *Slke jedne neuspele integracije. Kosovo, Makedonija, Srbija, Jugoslavija*, (Beograd: 2014), 177.

[22] Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, 376.

[23] Dimić, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, 180.

десет години биле изградени 255 основни училишта, што исто така е мал број со оглед на фактот дека во војните биле разурнати голем број училишни згради.Од табелата се гледа дека најголем број основни училишта биле изградени од 1925-1928 година, а најмалку во 1920 и 1929 година. Малиот број на изградени основни училишта во 1920 година донекаде има свое оправдување, бидејќи тоа биле години по завршувањето на Првата светска војна, која оставила траги врз економската положба во Кралството СХС и не можело да дојде до брзо опоравување, кое секако се одразило и врз просветата во вардарскиот дел на Македонија. Фактот дека во 1929 година биле изградени само 2 основни училишта, доведува до сознанието дека настапува период на промена на дотогашната политика во сите сфери на животот, вклучително и во просветата.[24] Треба да се напомене и тоа дека во одделни училишни околии од источниот дел за период од десет години биле изградени многу мал број основни училишта, во споредба со другите училишни околии. Така на пример во Штипската и Радовишката училишна околија, биле изградени само 2, односно 3 училишта, додека најмногу училишта биле изградени во Прилепската со 25 и Кавадаречката со 20 училишта.[25] Причината секако била во безбедноста на учителите во овој дел од Македонија која била предизвикана од врховистичките чети на ВМРО. Многу чести биле случаите назначените учители по кус престој да ги напуштаат училиштата.

По воведувањето на монархофашистичката диктатура, и со донесувањето на повеќе нормативни акти за школството, училишниот систем бил унифициран на целата државна територија на Кралството Југославија. Со Законот од 5 декември 1919 година и измените и дополнувањата на овој закон од 7 декември 1930 година била воведена осумгодишна училишна обврска, која требало да се оствари со четиригодишно образование во вишото народно училиште. Меѓутоа, со исклучок на поразвиените подрачја (Словенија, Хрватска и Војводина), осумгодишно задолжително основно образование не било спроведено во практиката и главно во посиромашните делови од Кралството Југославија се сведувало на четиригодишно основно образование. Според Законот, по завршувањето на основното училиште до својата 14 година учениците немале право да стапат на занает, а можеле да го продолжат образованието во вишото народно училиште, во граѓанско училиште, или во кој и да е вид средно училиште.[26] Поимот „народно училиште“, кој го опфаќал четиригодишното вишо народно училиште, не можел

---

[24] Јовановиќ, *Просветно-политичките прили во Вардарска Македонија (1918-1929)*, 192-193.

[25] Јовановиќ, *Просветно-политичките прили во Вардарска Македонија (1918-1929)*, 192-194.

[26] Со една или две години завршено вишо народно училиште, до својата 14 година, учениците можеле да продолжат во граѓанско или средно училиште, а со две години на вишо народно училиште во машко или женско занаетчиско училиште.

да претставува единствен тип на училиште за осумгодишно образование.[27]За остварување на осумгодишното задолжително образование не биле создадени услови. Немало доволно училишни згради, ниту учители и наставници. Во селата градењето и одржувањето на училиштата било оставено на совеста на селаните. Голем број од децата поради немањето материјални можности не можеле да ги посетуваат учиништата. Од извештаите на училишните инспектори по 6 јануари 1929 година, за вардарскиот дел на Македонија било констатирано дека селаните од југот на земјата биле многу скромни во своите барања и училишните згради продолжило да се градат спротивно на стандардите. Нехигиенските згради како воопшто да не им сметале на учителите, а уште помалку на селанството.[28]

Со спроведувањето на шестојануарската диктатура се продолжило со политиката на „националното воспитување", каде што училиштата во вардарскиот дел на Македонија покрај културното и просветното, имала и силна идеолошка содржина. Податоците од државната статистика покажувале дека во образовниот систем како последица на доминантната патријахална свест во многу поголема мера била опфатена машката популација. Така, во првите години од диктатурата, училиштата имале 30,5 % повеќе машки од женски ученици, додека во учебата 1938/39 година разликата изнесувала 23,2%.[29] Во 1933 година биле донесени новиот наставен план и програма за сите училишта во Кралството Југославија. Наставниот план ги содржел следниве наставни предмети: Веронаука со морални поуки, Народен јазик, Земјопис, Историја, Познавање на природата и поуки за здравјето, Сметање со основи на геометријата, Цртање, Практични стопански знаења и умеења (домаќинство и рачна работа, Краснопис, Пеење и Гимнастика по соколски систем.[30]

И покрај недостатокот од просветен кадар Министерството за просвета во текот на 30-те години правело редукции и селекции по национална - политичка подобност, се со цел да се намали влијанието на учителите - егзархисти. Помалку од една третина од наставниот кадар бил од Македонија, додека останатиот дел биле млади и неискусни кои биле сметани за површни личности, неподготвени да се жртвуваат за „поголеми интерси".[31]На подрачјето на Скопската училишна околија 2/3 од училиштата немале доволно училишни средства, станови за наставниците, училишни дворови и неопходни санитетски прегледи. Како резултат на драстичните мерки за штедење спроведени во текот на економската

[27] *Педагошка Југославија 1918-1938*, св. 9, (Београд: 1939), 242 и 252.

[28] Dimić, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, 181.

[29] Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941*, ( Београд:2011), 409.

[30] Ристо Кантарџиев, *Историја на образованието и просветата во Македонија*, (Скопје: 2000), 450.

[31] Dimić, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, 85.

криза биле отпуштени и пензионирани 600 учители и затворени 23 училишта. Само во 1932 година поради дефицит на учителскиот кадар, присилно биле затворени 248 одделенија. За училиштата не постоел постојан стручен надор. На местата учители биле поставувани лица почетници, без соодветна подготовка.[32]

Во однос на просветната инфраструктура во периодот 1912-1932 година било направено придвижување, односно во 1912 година едно училиште се наоѓало на 118 км2 и опфаќало 4 302 жители, две децении подоцна во 1932 година едно училиште покривало 36 км2 и опфаќало 1173 жители.[33]Меѓутоа, ваквиот „напредок"бил симболичен во споредба со резултатите кои ги имале останатите бановини во Кралството Југославија на овој план. Големи разлики постоеле и во средствата кои се издвојувале за образованието во периодот 1930-1938 година. Управата во вардарскиот дел на Македонија во споредба со останатите бановини издвојувала само симболични 5%, или накаде околу половина динар, што било двојно помалку од тогашниот југословенски просек.[34]До крајот на 1939 година секое второ селско училиште било без учител, поради што просветното одделение при банската управа молело да се прекине со преместувањата на учителите. За излез од настаната криза требало да бидат вработени 3.000 нови просветни работници. [35] Вкупниот број на новоизградени и обновени училишни згради во 1936-1937 година изнесувал 1260. Положбата на училишните згради била под пропишаните норми, и покрај тоа што трошоците кои ги давала државата во периодот 1930-1938 година биле најголеми за Македонија, односно 26% од вкупниот државен буџет. Најстојувањето на власта од „национални причини" за што покус период со училишта да опфати што повеќе деца, имало влијание многу од училиштата да бидат отворени во приватни куќи, во напуштени куќи на некогашни турски великодостојници, црковни објекти, па дури и во кафеани. Училишните згради и понатаму биле оштетени, нехигиенски и неосветлени, а во неколку наврати било забележано и прекин на наставата поради појава на змии во училиштата.[36] Најдобрите училишни згради биле градени во Скопје.

Проширената училишна мрежа на основни училишта не била доволна да ги задоволи „вистинските" образовни цели. Во многу населени места, особено селски, како во источна Македонија, и во овој период немало отворени училишта и децата од училишната возраст не биле опфатени со системот на основно образование, иако била прокламирана политиката на задолжително четиригодишно основно образование. Поголемиот број од македонското население и понатаму

[32] Dimić, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, 185.

[33] Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941*, 410.

[34] Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941*, 410.

[35] Dimić, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, 185

[36] Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941*, 419.

останало неписмено. Кај албанското и турското население процентот на неписмено население бил уште повисок.

Од образовните институции во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни покрај основните работеле и граѓански училишта (неполни стручни училишта во кои обуката траела 4 години), средни училишта-гимназии (неполни-нижи и полни гимназии-реални и класични),[37]стручни (нижи и средни) училишта, учителското училиште во Скопје (единствено по укинувањето на учителското училиште во Прилеп од учебната 1928-1929 година) и Великата Гази-бегова медраса основана во Скопје во 1937 година како исклучително верско училиште (обуката во училиштето траела 8 години). Највисока образовна институција од основањето во 1920 година бил Филозофскиот факултет каде се подготвувал наставнички кадар за средните училишта во Македонија.

Образовните институции почнувајќи од основните и завршувајќи со највисоката институција Филозофскиот факултет биле местата каде се вршела силна денационализација и асимилација на македонскиот народ. Методите и формите на нивното спроведување биле најразлични. Во наставата доминирал српскиот јазик и националните предмети преку кои најнецивилизирано се негирал македонскиот јазик и постоењето на македонскиот народ.

До почетокот на Втората светска војна од страна на владејачките кругови многу малку се вложувало во културното издигање на населението во вардарскиот дел на Македонија. За најголем дел од населението, економски осиромашено, основно било да добијат некоја писменост, но со текот на годините се повеќе се зголемувал и бројот на младите луѓе кои биле заинтерсирани за отворање на границите и барање на нови можности за школување. Школуваните напредни Македонци биле свесни дека само преку писменоста никогаш нема да се изгуби национална свест.

---

[37] Рестриктивните мерки кои биле воведени од учебната 1929-1930 година од страна на владеачките кругови во Македонија биле укинати неполните гимназии во Кавадраци, Кичево, Ресен, Струмица и учителското училиште во Прилеп, а полните гимназии во Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип биле претворени во неполни гимназии. Во Македонија останале за извесно време само 4 полни гимназии (две во Скопје и по една во Битола и Тетово), а во источна Македонија немало ниту една полна гимназија. Неколку години подоцна, во учебните 1935-1936 и 1937-1938 година неполните гимназии во Охрид и Штип биле претворени во полни, а биле отворени неполни гимназии во Струмица и Крива Паланка и Кавадраци.(Повеќе види: Ристо Кантарџиев, *Историја на образованието и просветата во Македонија*, (Скопје: 2000), 453-454).

**Bibliography:**


Dimić, Ljubodrag, *Kulturna politika u Kraljevini Jugoslaviji 1918-1941*, knj. I, ( Beograd: 1996)

Илиевски, Борче, *Демографските карактеристики во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)* (Скопје: 2017).

Јовановиќ, Марија, *Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонја (1918-1929)*, (Скопје: 1983).

Jovanović, Vladan, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929: Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS*, (Beograd: 2002)

Јовановић, Владан, *Вардарска Бановина*, (Београд: 2011).

Jovanović, Vladan, *Slke jedne neuspele integracije. Kosovo, Makedonija, Srbija, Jugoslavija*, (Beograd: 2014).

Кантарџиев, Ристо, *Историја на образованието и просветата во Македонија*, (Скопје: 2002).

Катарџиев, Иван, *Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930)*, (Скопје: Мисла, 1983).

Минов, Никола (2017), Гимназиите во османлиска Македонија, In 70 години Институт за историја 70 години македонска историографија. Зборник на трудови од научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филозофски Факултет, pp. 305-345.

*Педагошка Југославија 1918-1938*, св. 9, (Београд: 1939).

Fere, Pavle, *Naše osnovno školstvo, Jubilarni zbornik života i rada SHS 1918-1928*, I deo, (Beograd: 1928),